# ЈАВНО ОБЈАВУВАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА СУДСКИТЕ ПОСТАПКИ



ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

KOALICIONI КОАЛИЦИЈА KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

Во периодот од 2015 до 2017 година, процентот на случаи кога местото и времето на судењето НЕ биле јавно објавени бележи пораст*:




*Според анализите на податоците од набљудуваните судски постапки во 2015, 2016 и 2017 година, изработени во соработка со Коалицијата на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“.

## JАВНОСТ

Јавноста на судењата е уставен принцип (член 102 од Уставот). Начелото на јавност е едно од основните начела врз кои се заснова секоја демократска кривична постапка во една правна држава. Јавноста на судењата претставува можност за контрола на пошироката јавност врз работата на судовите, со што се подобрува квалитетот на работата на судовите, а кај граѓаните ја јакне довербата во независноста и правичноста на судовите.

**Во потесна смисла**, јавност на судењата значи дека странките и нивните застапници и помагачи имаат право да присуствуваат на сите дејства од кривичната постапка. Покрај овие лица, право да присуствуваат на главната расправа имаат и трети полнолетни лица што се незаинтересирани за исходот на постапката во согласност со членот 353 од Законот за кривична постапка (ЗКП).

**Во поширока смисла**, пак, јавност значи и можност јавно да бидат објавени и достапни денот и часот на главната расправа, како и други податоци и извештаи поврзани со работата на судовите, во услови предвидени со закон.

По исклучок, јавноста на судењата може да се ограничи, но само во точно определени случаи во согласност со со закон. Јавноста од дел или од целата главна расправа се исклучува во следните случаи (член 354 од ЗКП):

**1. Чување на државна, воена, службена или важна деловна тајна.**
Во овие случаи, а со цел да се заштити тајната, од претресот на кој се открива оваа тајна, јавноста е исклучена;

**2. Заштита и чување на јавниот ред.**
Понекогаш при извршување на едно кривично дело, неговиот извршител може да предизвика поголем револт кај граѓаните, при што постои можност доколку рочиштето е јавно, да дојде до нарушувања на самото судење или надвор од него и поради тоа јавноста се исклучува;

**3. Заштита на приватниот живот на обвинетиот, сведокот или оштетениот.**
Во овие случаи јавноста е исклучена бидејќи на рочиштето се изнесуваат детали од приватниот живот на некои од горенаведените лица коишто, генерално, се небитни за јавноста;

**4. Заштита на интересите на децата.**
Во случаите кога му се суди на дете коешто не наполнило 18 години или ова дете е жртва на кривично дело, тогаш јавноста секогаш се исклучува, а со цел да се заштити личноста и развојот на ова дете;

**5. Заштита на безбедноста на сведокот или жртвата.**
Во случаите кога присуството на јавноста може да му наштети на сведокот или на жртвата, на тој начин што јавноста би дознала некои детали за личноста и животот на овие лица коишто може да побудат определени негативни реакции кај јавноста.

**Исклучувањето на јавноста од некое рочиште од главната расправа го врши советот со образложено и јавно решение (член 356 од ЗКП).** Во случаите кога јавноста е исклучена, исклучувањето на јавноста не се однесува на странките, на оштетениот, на нивните застапници и на бранителот, освен ако со ЗКП не е поинаку определено. ***Сепак, во овие случаи, советот може да дозволи да присуствуваат определени службени лица, научни и јавни работници, а по барање на обвинетиот и неговиот брачен или вонбрачен другар, како и по барање на неговите роднини (член 355 од ЗКП).***

Изреката на пресудата секогаш се чита на јавно заседание, без оглед дали јавноста била исклучена или не. Во определени случаи доколку е нужно, советот одлучува за исклучување на јавноста при објавувањето на причините за пресудата (член 405 од ЗКП).

**Исклучувањето на јавноста спротивно на одредбите од ЗКП, претставува апсолутна повреда на кривичната постапка (член 415, став 1, точка 4 од ЗКП).**